Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedure Administrative, Procedure të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 09.04.'25 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Nj. organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 1005 | 599/1 | | |

**До** **Врска ИП 2 бр.10-158**

Државна комисија за одлучување во управна постапка,

постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен

**Предмет:** Барање за доставување информации од јавен карактер

**Од:** [redacted]

Телефон: [redacted]

**Почитувани,**

Врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како заинтересирано лице во постапката која што ја иницирав за инспекциски надзор, во Општина Гази Баба, Градежна инспекција барам во врска со постапката:

1. Препис или увид во сите донесени решенија поврзани со оваа постапка.
2. Препис од сите жалби или релевантни документи доставени од други страни во постапката.

Воедно го известувам органот дека како заинтересирано лице во постапката, имам легитимен интерес, бидејќи сум законски наследник на правото на приватизација на земјиштето врз основа на поранешна сопственост , КП 1752, КО Маџари, на кое е поставен објектот кој е предмет на постапката.

Барам бараните документи/информации да ми бидат доставени во разумен рок и во формат кој е достапен.

-ЛИЧНО НА РАКА

Со почит,

Скопје , 09.04.2025 година

Барател

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

16.04.2025 година

**Архивски број:** 1005-599/2

**До: г-ѓа/г-ѓица** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитувани,

На ден 09.04.2025 г. до Државна комисја за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен од Ваша страна е доставено Барње за доставување информации од јавен карактер. Во истото е наведено дека како заинтересирано лице која што ја иницирало постапката за инспекциски надзор во општина Гази Баба, Градежна инспекција ја барате следнава инфомрација:

1. Препис или увид во сите донесени решенија поврзани со оваа постапка;
2. Препис од сите жалби или релевантни документи доставени од други страни во постапката.

Притоа, наведувате дека како заинтересирано лице во постапката имате легитимен интерес бидејќи сте законски наследник на правото на приватизација на земјиштето врз основа на поранешна сопственост, КП 1752 КО Маџари, на кое е поставен објектот кој е предмет на постапката.

Од причина што во поднесеното Барање, освен број на катастарската парцела на која е поставен објектот кој е предмет на постапката, друг релевантен податок не е содржан, Државната комисија не може да постапи по поднесеното Барање за доставување информации од јавен карактер.

Поради тоа, а имајќи го предвид член 17 од Законот за пристап до информации од јавен карактер, Државната комисија Ви го доставува ова известување. Притоа, Ви укажуваме дека потребно е во **рок од три дена** од приемот на Известувањето, да го дополните поднесеното барање со повеќе податоци од кои Државната комисија ќе може да утврди за кој конкретен предмет се однесува истото. Во дополнението кое ќе го доставите потребно е да го наведете бројот и датумот на првостепеното решение на кое е поднесена жалбата, органот кој одлучувал во прв степен, името на жалителот и други


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

податоци од кои Државната комисија ќе може да утврди за кој предмет станува збор. Воедно, во дополнението на барањето наведете го и начинот на кој сакате да се запознаете со содржината на бараната информација (увид, препис, фотокопија, електронски запис)

Доколку во определениот рок не го дополните барањето, Државната комисија со решение ќе го отфрли барањето за доставување информации од јавен карактер поднесено од Ваша страна.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Изготвил:Наталија С. Филипова

**Врска бр. 1005-599/2 од 16.04.2025**

**До**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка,**
**постапка од работен однос и инспекциски надзор од втор степен**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Skopje - Shkup
05.05.25
1005 599/3

**Предмет:**
Одговор на Известување бр. 1005-599/2 од 16.04.2025 година

**Од [redacted]:**
[redacted]

Почитувани,
Во врска со известувањето бр. 1005-599/2 од 16.04.2025 година, , со кое барате да се дополни претходно доставеното барање и да се наведе бројот на предметот, Ве информирам дека бројот на предметот е **јасно наведен** и се однесува на:

**Предмет ИП2 10-158 од 19.06.2024 година.**

Во прилог доставувам соодветна документација за поткрепа на горенаведеното.

**Прилог:**

- Претходно доставено барање од 09.04.2025 год
- Известување за текот на постапка од Општина Гази Баба 08-1513/2 од 21.03.2025
- Известување бр.1005-599/2 од 16.04.2025

**05.05.2025 година** **Подносител**

**Росина Угреновиќ**

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор втор степен**

12.05 2025

**Архивски број:** 1005-599/9

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ" бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за пристап од информации од јавен карактер поднесено од страна на [redacted] заведено под број 1005-599/1 **СЕ УВАЖУВА**.
2. Бараната информација со која располага Државната комисија ќе биде доставена како што е наведено во самото барање.

**Образложение**

На ден 09.04.2025 г. од страна на [redacted] до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер и заведено под број 1005-599/1.

Во Барањето е наведено дека подносителот бара да му се достават следниве јавни информации:
1. Препис или увид во сите донесени решенија поврзани со постапката со број ИП2 бр.10-158;
2. Препис од сите жалби или ревелантни документи доставени од други страни во постапката.

Постапувајќи по барањето, Државната комисија на ден 16.04.2025 година до Барателот достави Известување со број 1005-599/2 со кое побара барателот да го дополни доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер. Притоа, во дополнението на барателот му е укажано дека е потребно да го дополни доставеното Барање со повеќе податоци од кои може да се утврди на кој конкретен предмет се однесува истото. Притоа, на барателот му е укажано дека е потребно да го наведе бројот и датумот на првостепеното решение на кое е поднесена жалбата, органот кој одлучувал во прв степен, името на жалителот и други податоци од кои Државната комисија ќе утврди за кој предмет станува збор.


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

Постапувајќи по доставеното Известување, Барателот на ден 05.05.2025 г. достави Одговор на Известување. Во истото е наведено дека во доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер бројот на предметот е јасно наведен и се однесува на предмет со број ИП2 10-158 од 19.06.2024 г.

Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен ја дава следнава информација:

Согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер, информација од јавен карактер е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Согласно член 61 став 1 од Законот за општа управна постапка, јавниот орган може да ги завери како верни копиите на исправите кои самиот ги издал. Во конкретниот случај, Државната комисија ќе достави препис од акитe кои ги има изготвено поранешната Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка. Останататите акти со кои располага Државната комисија, а кои се однесуваат на конкрениот предмет, ќе Ви бидат доставени во обична фотокопија.

Поради сето погоре наведено, Државната комисија постапувајќи по поднесеното Барање, на подносителот на истото ќе му ја достави следнава информација:

1. Препис од Решение со број ИП2 број 10-158 од 19.06.2024 г.
2. Решение ИП1 бр.34-62 од 15.02.2024 г. на Опшина Гази Баба во фотокопија;
3. Жалба од [redacted] во фотокопија;
4. Известување од Општина Гази Баба број ИП1 број 34-62 од 05.04.2024 г. во фотокопија;
5. Препис од Барање ИП1 бр.10-158 од 16.04.2024 г. на поранешната Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка;
6. Известување број 34-2376/2 од 10.05.2024 г. на Општина Гази Баба, Сектор за инспекциски работи во фотокопија;
7. Препис од Допис – достава на предмет со списи ИП1 број 10-158 од 20.06.2024 г. на поранешната Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Изготвил: Наталија С.Филипова

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

12.05 2025 година

**Архивски број:** 1005-539/5

**До: г-ѓа/г-ѓица** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитувана,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор, во прилог Ви доставуваме примерок од Решението на Државната комисија.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Изготвил:Наталија С. Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk